Врз основа на член 73 став (1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 7 мај 2026 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за уважување на приговор**

1. Приговорот на Борис Николовски од Чаир, Скопје УП2 09-141/26 од 13 март 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_38_20260211_158 од 27.02.2026 година СЕ УВАЖУВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_38_20260211_158 од 27.02.2026 година СЕ ПОНИШТУВА.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да издаде Решение за согласност за приклучување на пумпа за вода.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Борис Николовски од Чаир, Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-141/26 од 13 март 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. NCC_38_20260211_158 од 27.02.2026 година, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок на пумпа за вода.

Според Електродистрибуција – барателот има доставено катастарски план но не е доставен општ акт или друга документација дека е во план или е надвор од план. Најверојатно е надвор од урбанистички план, доставено е и потврда од АД Водостопанство и согласно извршениот увид локацијата на барателот е оддалечена 240 метри од постоечка нисконапонска мрежа. Согласно насоките, со поднесената документација предвидено е барателот да биде оддалечен најмногу 40 метри од постоечката мрежа за да може да се постапи позитивно.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 21 април 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-141/26 од 13 март 2026 година;
2. Одговор на приговор и дополнителни докази од 19 март 2026 година со прилог:
- Слика од барањето за согласност за приклучување
- Приговараното Решение
- Извештај за пад на напон во мрежата
- Имотен лист

- Податоци за оптоварување на трафостаница
- Потврда од АД Водостопанство на РСМ дека на предметната КП нема водоводна инсталација

На седницата се заклучи Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да достави GIS скица, при што истиот ден беше побарана и доставена бараната GIS скица.

На 24 април 2026 година приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Имено, видно од доставената документација е дека истата е комплетна за реализација на приклучок на пумпа за вода.

Неосновани се наводите истакнати во одговорот од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје дека барателот треба да биде оддалечен најмногу 40 метри од постоечката мрежа за да може да се постапи позитивно. Овие, така наведени насоки, се спротивни на Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ" бр. 191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) (понатаму: Мрежни правила) кои не предвидуваат ограничување на оддалеченоста на парцелата од постоечката мрежа изразено во метри, како причина за одбивање на барање за согласност за приклучок на пумпа за вода.

Согласно член 162 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) операторот на електродистрибутивниот систем е одговорен за одржување, надградување и проширување на електродистрибутивната мрежа како и за функционирање на електродистрибутивниот систем и е должен да обезбеди негово поврзување со електропреносниот систем.

Согласно член 164 став (1) точки 3), 4) и 5), операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да го развива, надградува и одржува електродистрибутивниот систем со кој управува под економски оправдани услови со посебно внимание на безбедноста, доверливоста, ефикасноста и заштитата на животната средина, како и да обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија преку електродистрибутивниот систем со кој управува, на недискриминаторен и транспарентен начин и во согласност со пропишаниот квалитет. Исто така операторот на електродистрибутивниот систем е должен да ги приклучи производителите, складиштата и потрошувачите на електродистрибутивниот систем со кој управува во економско-технички оптимални точки, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на електродистрибутивниот систем.

Согласно член 27 став (9) од Мрежните правила решението за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа на пумпи за вода се издава по барање на корисникот со приложување на соодветен акт од надлежен орган за наводнување односно АД Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, со која ќе потврди дека нема водоводна инсталација на предметното подрачје.

Согласно член 32 став (4) од Мрежните правила по исклучок од ставот (3) на овој член, за пумпи за вода максималната едновремена моќност не може да биде поголема од 6,6 kW.

Членот 35 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ" бр. 191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) (понатаму: Мрежни правила) гласи:

(1) Објектите на корисниците на дистрибутивната мрежа се приклучуваат преку приклучок на дистрибутивната мрежа, кој може да биде стандарден или нестандарден приклучок.

(2) Стандарден приклучок е приклучок на низок или среден напон при што објектот кој се приклучува се наоѓа на подрачје кое е опфатено со детален урбанистички план (ДУП), или урбанистички план за село (УПС) или урбанистички план вон населено место (УПВНМ) и е исполнет еден од условите:

1) одобрената максималната едновремена моќност на приклучокот е помала или еднаква на 400 kW;

2) сите колективни станбени, деловни и станбено-деловни објекти, без оглед на одобрената максималната едновремена моќност на приклучокот

(3) По исклучок на став (2), стандардни приклучоци на нисконапонска мрежа се и приклучоци за објекти чија што максимална едновремена моќност е помала или еднаква на 11 kW и не се опфатени со урбанистички планови од локално значење (УПЛЗ), а во подрачјето каде се наоѓа објектот за кој се бара приклучок има и други постоечки корисници и/или потенцијални баратели на приклучок.

(4) Барателот се смета за потенцијален кога во техничкото решение за приклучок ОДС може да земе во предвид елементите на тој приклучок да ги користат и останатите баратели, а при тоа да постои изграден објект, објект во изградба или објект за кој ОДС издал позитивно мислење за одобрение за градење.

(5) По исклучок на став (2) стандардни приклучоци на нисконапонска мрежа се и приклучоци за објекти кои се опфатени во урбанистички план од локално значење (УПЛЗ), а се наоѓаат во подрачје опфатено со детален урбанистички план (ДУП), или урбанистички план за село (УПС) или урбанистички план вон населено место (УПВНМ).

(6) Сите останати приклучоци кои не ги исполнуваат условите од став (2), став (3) став (4) и став (5) на овој член се нестандардни приклучоци.

(7) За локација која не е опфатена со ДУП, УПС или УПВНМ, а дистрибутивната мрежа е изградена или реконструирана за нестандарден приклучок и се користи за приклучување на нови корисници, сите идни приклучоци ќе се третираат како нестандарден.

(8) Доколку за објектот кој се приклучува на електродистрибутивната мрежа се предвидени повеќе мерни места кои ќе бидат наменети за еден ист корисник, истиот не се смета за колективен објект во смисол на овој член.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–141/26**
**7 мај 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**